## АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Врз основа на член 7, алинеја 9 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија" број 72/07, 5/09 43/14, 193/15, 39/16, 164/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 190/19), Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руалниот развој го објавува следниот

**Ј А В Е Н П О В И К б р . 3 / 2 0 2 4**
**за доставување на барања за исплата на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2024 година**

## I. ПРЕДМЕТ НА ОГЛАСОТ

Предмет на овој оглас е доделување на финансиска поддршка за следнава мерка:

| *Код на мерка* | *Назив на мерката* | *Максимална вредност на поддршка за прифатливи трошоци* |
|---|---|---|
| ***1.3*** | ***Помош за маркетинг на земјоделски производи и преработени земјоделски производи*** | |
| 1.3.5 | Трошоци за амбалажа на преработени земјоделски производи и тоа за извезен ориз во пакување со потекло од Република Северна Македонија | -2,5 денари по пакување во најлонска амбалажа до 500гр<br>-5 денари по пакување во најлонска амбалажа до 1кг<br>-10 денари по пакување во хартиена амбалажа до 1кг или по пакување во најлонска амбалажа од 3 до 5кг |

## II. КОРИСНИЦИ

Право на користење на средства имаат следните субјекти, и тоа:

| *Субјекти* |
|---|
| Правни лица регистрирани за вршење на откуп на ориз согласно Законот за земјоделство и рурален развој |

## III. ВИСИНА НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

Максималниот износ на техничката поддршка се утврдува врз основа на процентуалното учество на корисникот во вкупната количина на извезените преработени земјоделски производи (односно ориз во пакување) со потекло од Република Северна Македонија, реализирана од корисниците во тековната година и тоа: - за амбалажа на извезен ориз во пакување со потекло од Република Северна Македонија во износ од најмногу 2,5 денари по пакување во најлонска амбалажа до 500 грама, 5 денари по пакување во најлонска амбалажа до 1 килограм и 10 денари по пакување во хартиена амбалажа до 1 килограм или по пакување во најлонска амбалажа од 3 до 5 килограми.

## УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА И ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА СЕ ПОДНЕСУВА

**Барањата за поединечна подмерка се доставуваат во оригинален примерок.**

Еден барател може да поднесе само едно барање за една мерка или најмногу две барања за користење на поддршка по различни мерки, земајќи ги предвид и останатите мерки од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2024 година.

Условите кои треба да ги исполнуваат барателите на средства се утврдени со:

- **Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2024 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/2024 и 34/2024),**
- **Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/2010, 53/2011, 126/2012, 15/2013, 69/2013 , 106/2013, 177/2014, 25/2015, 73/2015, 83/2015, 154/2015 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/2017, 83/2018 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/2019, 244/2019, 275/2019, 110/2021, 123/2022 и 65/2023),**
- **Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 208/2019, 236/2019, 53/2021, 175/2021, 257/2021, 67/22 , 81/22, 206/22, 43/2023, 123/2023 и 223/2023)**

Барателите на финансиска поддршка потребно е да поднесат уредно и целосно пополнето барање за исплата на средства за Мерка 1.3 заедно со пропратната документација наведена во барањето.

Корисниците на средства треба да ги имаат намирено сите финансиски обврски кон Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство како и финансиските обврски кон Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта и воден надоместок кон водостопанските претпријатија.

## IV. ПОДИГНУВАЊЕ НА ОБРАСЦИ И УПАТСТВА

Обрасците „Барање за исплата” со листата на потребни документи може да се подигне на веб страната на Агенцијата www.ipardpa.gov.mk.
Горенаведените обрасци може да се подигнат и директно во Агенцијата секој работен ден од 10:00 до 14:00 часот на адреса:
Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,
Ул. 3-та Македонска бригада бр.20 ( Зграда на Македонија Табак блок Ц )
1000 Скопје.

## V. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ

Пополнетите барања за исплата на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2024 година заедно со целокупната потребна документација се доставуваат на македонски јазик во затворен коверт на кој на предната страна во горниот лев агол стои ознаката “НЕ ОТВОРАЈ“, за Јавен повик број 03/2024 и назначување на шифрата на мерката за која се поднесува барањето. Барањето може да се достави по пошта или лично во писарницата на Агенцијата, во спротивно Агенцијата не превзема одговорност за ненавремено и некомплетно пристигнување во писарницата или предвремено отворање на барањето.

Краен рок за доставување на барање за исплата за извоз направен во период од 01.01.2024 година до 30.06.2024 година по овој јавен повик е 15 август 2024 година.

Барањата доставени по предвидениот рок нема да бидат разгледувани.

Подетални информации на контакт тел. (02) 3097-460 или на контакт е-маил адреса: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk и
на веб-страната: www.ipardpa.gov.mk.

Контакт:
Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,
Сектор за одобрување исплата.
Телефон 02 3097-460, секој работен ден од 10:00 до 14.00 часот
Е-пошта: ipardpa.info@ipardpa.gov.